# Реконструкција на СЕКОЈДНЕВНИТЕ пораки

Преписка
(*слики, цртежи, објекти*),
изложба
на Гордана Вренцоска

Најновата изложба на младата македонска авторка Гордана Вренцоска под наслов „Преписка", беше претставена во Културниот центар "Точка" во Скопје (24.12.2003 - 19.01.2004) и во Уметничката галерија при Народен музеј - Куманово (21.01. - 31.01.2004).

Круцијален елемент во најновиот проект на Гордана Вренцоска, „Преписка", е комуникацијата, односно размената на информации, на што сугерира и самиот наслов. Тука кореспонденцијата/преписката, претставена во неколку делови (соби - „Разгледница од Светот", „Разгледница од Македонија" и „Писмо на денешната логика"), се разгледува во нејзиниот негативен аспект, како строго деловен процес без дијалог, како еднострано испраќање информации.

За разлика од досегашните проекти во кои ги решаваше своите лични прашања, тука авторката се јавува во улога на катализатор на колективните пораки. Ако како урнек ја земемеЕковата комуникациска шема, според која се одвива кој и да е процес на комуникација, првичниот код од изворот, за да стигне до примателот, мора да помине преку приемникот. Декодирањето на изворната порака во овој случај не ја врши примателот, туку приемникот (уметникот-пречистувач-трансформатор) кој ја разобличува истата.

„Разгледниците" преку кои се врши деконструкцијата на пораките, укажуваат на стратегиите за губење на индивидуалноста во глобални и локални рамки преку сложените механизми на „мегакултурите" и „колективните митови": производството на смислата, облиците на нејзината размена и потрошувачка, вредностите, значењата... Прикажувањето е засновано на цитирање, монтажа, колаж, симулација; изобилува со асоцијативни објекти-



симболи, иконички и параиконички, знаци и метафори, а нагласените попартистички формални решенија (асамблаж, ready-made) повторно се во служба на критика на консумеризмот. Ако ги земеме предвид основите на поп-артот за промоција, а во исто време и критиката на масовната уметност и култура на живеење, станува јасно зошто авторката се одлучила за овие стилски референци.

Гордана Вренцоска е родена 1973 година во Виница. Средно уметничко училиште завршила во Скопје, отсек применет текстил. Дипломирала 1997 година на Факултетот за ликовни уметности, отсек сликарство, насока модно креирање. Досега има реализирано пет самостојни изложби, а учествувала на 25 групни изложби во Македонија и странство

Но, за разлика од поп-артистичкиот апологетски пристап кон амблемите на потрошувачките производи и националните симболи, во овие пост поп-арт дела е означена нивната потрошена смисла во општествената размена на вредности и идеологии; заведувањето на тоталитарниот предметен фетишизам и Бодријаровиот хипермаркет, а со него и „нултиот степен на смислата (рекламата)" деконструиран преку нагласената иронија; а нагласено е и барањето (кроењето, формирањето) на загубениот идентитет и на функцијата на човекот во општеството.

Во овој комплексен проект Гордана Вренцоска ја изразува својата критика на глобалното и локалното.



Логиката која сѐ уште има форма, но повеќе нема суштина, добива облик на апсурдност, бидејќи „нема веќе надеж за смислата... смислата е смртна... привидите, тие се бесмртни...". „Преписка" е одраз на нејзината загриженост против губењето на сигналите на индивидуална креативност во светот.

Маја ЧАНКУЛОВСКА



13/8-49 . 06 . 02/04